**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за примање на донација на противпожарно возило од Град Конија, Република Турција

**Скопје, февруари 2023 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/02) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21, 173/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација на противпожарно возило од Град Конија, Република Турција**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје, за потребите на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје, се прима донација на противпожарно возило од Град Конија, Република Турција, со следните карактеристики:

Намена: Противпожарно возило

Модел: ISUZU NPR10

Тип: BTF/S87C

Број на мотор: ONA115

Производител: ISUZU, Јапонија

Година на производство: 2003

Број на шасија/каросерија: NNANTR6DH02000513

Боја на каросерија/шасија: Црвена

Член 2

Вкупната вредност на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 60 000 евра или 3 708 000 денари, без ДДВ.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со претставник од Град Конија, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

**С О В Е Т   Н А   Г Р А Д   С К О П Ј Е**

Број _______
___________ 2023 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Во член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Во член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Со предложената одлука, Градот Скопје врши прием на противпожарно возило за потребите на Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје кое би се користело за гасење на пожари во урбана средина и пожари на отворен простор.

Донацијата на противпожарното возило од страна на Град Конија, Република Турција е дел од меѓународната соработка помеѓу двата града и е во рамки на склучената Спогодба за збратимување.

Вредноста на донираното противпожарно возило изнесува 60 000 евра или 3 708 000 денари, без ДДВ, а за реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со претставник од Град Конија, Република Турција, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Врз основа на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација на противпожарно возило од Град Конија, Република Турција.